**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-754/8**

**Скопје, 27.12.2007 година**

**До**

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Кавадарци - депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2006 година кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   - Д-р Лазар Нанев, Претседател на Основен суд Кавадарци

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 25.10 до 26.10.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие

стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10.Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата ги утврди дека на истата има прилив 38.749 илјади денари, одлив 37.966 илјади денари и салдо од 783 илјади денари, што претставува состојба на средствата на депозитите на крајот на годината за што:

- Не е формирана Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите,
- Не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка, спротивно на одредбите од Судскиот деловник и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Воспоставениот начин на евидентирање на депозитите придонесува Основниот суд да не располага со целосни податоци за депозитните средства.

**Препорака:**
Основниот суд да воспостави евиденција на средствата од судските депозити, согласно одредбите од Судскиот деловник и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Председателот на судот по годишното заклучување на работните книги за евиденција на депозитите и изработка на “Биланс на средствата на депозитите”, да формира Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите.
Изработката на Прегледот на судските депозити да е состевен дел на завршната сметка.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Кавадарци - депозитна сметка под 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1. кај Основен суд Кавадарци - депозитна сметка остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 21.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Кавадарци**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 38,749 | 501 |
| **Вкупно приходи** | **38,749** | **501** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 18 | 24 |
| Субвенции и трансфери | 37,948 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **37,966** | **24** |
| **Вкупно расходи** | **37,966** | **24** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **783** | **477** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
*-----------------------------*

**Основен суд Кавадарци**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 783 | 478 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 783 | 478 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,566** | **956** |
| **Вкупна актива** | **1,566** | **956** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 783 | 478 |
| Пасивни временски разграничувања | 783 | 478 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,566** | **956** |
| **Вкупна пасива** | **1,566** | **956** |

*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*